СУТКОЗ
Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитната друштва на Р. Македонија
ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
Бр. 0302-249/1
8.7 2016 год.
СКОПЈЕ

До

Претседателите,органите и телата
на СО во состав на СУТКОЗ на РМ

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

По одржувањето на X-от Конгрес на СУТКОЗ на Р.М., во неколку наши синдикални организации започна да се врши притисок од страна на работодавачите на одредени јавни претпријатија врз претседателите и членовите на органите на синдикалните организации. На тие наши синдикални претставници спротивно на сите одлуки на СУТКОЗ како и на Статутот на СУТКОЗ им е вршен притисок во насока на отповикување на легитимно избраниот претседател на СУТКОЗ, Дарко Димовски. Ваквото мешање во синдикалното организирање и делување на СУТКОЗ, претставува драстично кршење на меѓународните конвенции за слобода на синдикалното организирање, одредби од Законот за работни односи за немешање на раководниот кадар во синдикалното организирање и делување, како и злоупотреба на службената должност и обврска од страна на работодавачите.

Сите овие горесчоменати незаконски дејанија на работодавачите или нивни претставници претставуваат кривични дела за кои што СУТКОЗ покренува соодветни тужби со кои што ќе се бара одговорност и казна за сите сторители на тие незаконски дејанија поименично.

Согласно нашите информации и пишани известувања од страна на претседателите на СО како и членовите на органите и телата, ваквото сценарио однадвор е со цел да се разедини СУТКОЗ и да се ослабнат позициите на СУТКОЗ во неговото чисто синдикално делување и да се потчини Суткоз за дневнополитички потреби од страна на одредени работодавачи (градоначалници и директори), како и креирање на сомнеж за работењето на претседателот и органите и телата на Суткоз.

Накратко ќе наведеме како се одвиваа работите пред и по X-от Конгрес на СУТКОЗ на РМ.

Согласно Статут на СУТКОЗ, Претседателството на СУТКОЗ на својата 24-та седница одржана на ден 28.12.2015 година донесе Одлука за распишување на избори во СУТКОЗ, односно избори за Претседател и претседатели и членови на органи во синдикалните организации при СУТКОЗ на РМ (во оние синдикални организации каде нема спроведено Избори). Врз основаа на таа статутарна одлука се изготви соодветна документација согласно која се опишува постапка за организирање и спроведување на Конгресот на СУТКОЗ, согласно

Статутот на СУТКОЗ.

Согласно Статутот на СУТКОЗ на РМ и пропишаните критериуми за кандидирање за претседател на СУТКОЗ, синдикалните организации доставија предлози за можен кандидат за претседател на СУТКОЗ, како и за членови во органите и телата на СУТКОЗ. Врз основа на писмените известувања од синдикалните организации кои што се заведени во архивата на СУТКОЗ се утврди дека сите синдикални организации на СУТКОЗ го предлагаат или поддржуваат Дарко Димовски, за единствен кандидат за Претседател на СУТКОЗ на РМ. На Конгресот кој се одржа во мирна и работна атмосфера, беа присутни 95 % од делегираните делегати со право на глас при што согласно Статутот на СУТКОЗ се верифуваа мандатите на органите и телата на СУТКОЗ, едногласно се избра Дарко Димовски за претседател на СУТКОЗ и се донесоа стратешки одлуки и насоки за понатамошното синдикално делување на СУТКОЗ. Сите Конгресни одлуки согласно Законот за работни односи на Р.М., беа верифицирани во надлежните институции на Република Македонија.

По првичните сознанија за незаконските обиди за негирање на донесените одлуки и заклучоци на X-от Конгрес на СУТКОЗ, беше свикано претседателството на СУТКОЗ на кое претседателот ги запозна членовите на претседателството со притисоците и упадите од надвор, и на истото претседателство кое се одржа на 08.06.2016 година, членовите на претседателството уште еднаш ја потврдија легитимноста на целокупната конгресна постапка, самиот Конгрес, како и легитимноста и статутарноста на сите конгресни одлуки.

Заради зачувување на транспарентното работење и синдикалното делување на СУТКОЗ, би сакале да Ви укажеме дека ВИЕ како делегат и член на органите, телата и комисиите на СУТКОЗ на Р.М. кои учествувавте и гласавте за избор на претседател на СУТКОЗ како и избор на членови на органите и телата, СУТКОЗ на РМ Ве предупредува и Ви укажува дека:

- секое нестатутарно делување и непочитување на одлуките на органите и телата на СУТКОЗ претставува кршење на Статутот на СУТКОЗ и истото повлекува одговорност кон Вас,

- секое давање на лажен исказ односно непочитување на законската регулатива на Р.Македонија претставува прекршување на членот 367 од кривичниот законик со кој што е предвидена затворска казна од 1 до 3 години.

- за секоја злоупотреба на службената должност како избран синдикален претставник во органите и телата на СУТКОЗ имате одговорност и ќе се соочите со последици согласно законодавството во Република Македонија.

Горенаведените информации се во насока на Ваша заштита од можни злоупотреби и манипулации од страна на работодавачите или нивните претставници кои можат да Ве доведат во непријатна ситуација и да создадат услови за поднесување на одговорност од Ваша страна.

Со почит,

СУТКОЗ на РМ
претседател
м-р. Дарко Димовски